# In memoriam AETERNUM



# МИТРОПОЛИТОТ АНТОНИЈ - ЕДНА ЦЕЛА ЕПОХА

НА 4 АВГУСТ ГОДИНАВА, НА ОСУМДЕСЕТ И ДЕВЕТГОДИШНА ВОЗРАСТ, СЕ УПОКОИ ВО МИР МИТРОПОЛИТОТ НА СУРОЖСКАТА ЕПАРХИЈА (ВЕЛИКА БРИТАНИЈА) НА РУСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА АНТОНИЈ (БЛУМ). ЗА НЕГО НЕКОЈ БЕШЕ РЕКОЛ: „МИТРОПОЛИТОТ АНТОНИЈ - ТОА Е ЕДНА ЦЕЛА ЕПОХА“. ВО ИЗВЕСТУВАЊАТА ШТО ГО ПРОСЛЕДИЈА ОВОЈ НАСТАН МОЖЕШЕ ДА СЕ ЗАБЕЛЕЖИ ГОЛЕМАТА ПОЧИТ И ЉУБОВ ШТО ЈА ИМА ЦРКВАТА БОЖЈА КОН ОВАА МУДРА ЛИЧНОСТ. ВО ЕДНО ОД ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА НЕГО СЕ ВЕЛИ ДЕКА БИЛ „ПОЗНАТ КАКО ВЛАДИКА“, ШТО УКАЖУВА НА ТОА ДЕКА ОД СВОИТЕ ЕПАРХИЈАНИ (А И ОД МНОГУ ДРУГИ, ПРАВОСЛАВНИ И НЕПРАВОСЛАВНИ) БИЛ ДОЖИВУВАН КАКО БЛИЗОК ЧОВЕК, КОЈ ИМА РАЗБИРАЊЕ ЗА МНОГУ ЧОВЕЧКИ МАКИ И РАДОСТИ. ИМЕНО, ОВАА ПОСЛЕДНА КАРАКТЕРИСТИКА Е МНОГУ ЗНАЧАЈНА КОГА ЗБОРУВАМЕ ЗА ВЛАДИКАТА АНТОНИЈ.



In Memoriam Aeternum In Memoriam Aeternum

Антониј Блум е дел од онаа руска емиграција по револуцијата (1917 г.), којашто долги години си бараше место по западноевропските земји, без да заборави на својата родна Русија. Еве како самиот тој зборува во врска со ова: „Пред револуцијата во сите престолнини имаше цркви во амбасадите. По револуцијата таквите црквички веќе ги немаше, но се зародија молитвени центри во останатите капели и храмови (како во Париз), или во црквите по домовите. Нив ги опслужуваше духовништво коешто веќе живееше зад границата, или некои новодојдени прогонети. Овие луѓе ги одликуваше крајната сиромаштија и огнената руска православна вера во Бога и Татковината... Овде Бог ни се откри како Прогонет, гонет во нашата Татковина и ‘Кој нема каде главата да ја потслони’. Во Него ние, зачудени, Го препознавме Бога-Прогонетиот, Кој сè разбира, ‘од Кого никој повеќе не може да биде понижен’. Во крајната сиромаштија на домовите и храмовите Тој живееше меѓу нас, беше наша надеж и сила, утеха и вдахновение.“ Ова доживување е, имено, каменот темелник на православната руска емиграција, која се најде во ситуација да направи една сериозна проверка на целокупниот свој христијански живот, дотогаш засолнет во огромната и моќна Русија, во која православното христијанство уживаше царска заштита. Од ова надворешно и внатрешно соочување понатаму се роди една длабока смиреност на телото и умот, еден толку тотален несамозаборав, кој ги произведе чудата на руската православна емиграција на 20 век. Едно од тие чуда е токму - Владиката Антониј Блум. Тој целиот свој живот останува во емиграција, никогаш не живеел во Русија за време на советската власт, освен кратките повремени посети. Од друга страна, специфичен е по тоа што останува во рамките на Московската Патријаршија, додека големиот дел од руската емиграција се приклонува кон Руската Задгранична Црква (овој раскол меѓу Патријаршијата и Задграничната Црква сè уште останува нерешен).

In Memoriam Aeternum In Memoriam Aeternum



Митрополитот Антониј - една цела епоха / Премин, септември 2003 (странат 28)

Московската ПатријарШија

Андреј Борисович Блум (тоа е неговото име по раѓање) е роден во Лозана, на 19 јуни 1914 година. Татко му бил член на рускиот царски дипломатски кор. Мајка му била полусестра на композиторот Александар Скрјабин. Своите најрани години ги поминал во Персија, а по револуцијата целото семејство се сели преку Курдистан и Ирак во Британија, за најпосле да се насели во Париз. Таму неговиот татко наоѓа работа како обичен работник, а Андреј поаѓа во училиште. Во неговата момчешка возраст запишува медицина на Сорбона, а во 1939 година се зачленува во Француските Медицински Трупи. Во 1943 година Андреј ги завршува студиите по медицина, додека меѓувремено помага со својот веќе утврден православен дух на служење и со своето медицинско знаење во Француското Движење на Отпорот. Истата година тајно се замонашува. Своите монашки завети ги дава пред еден монах од Валаамскиот манастир во Финска, Атанасиј, и го добива монашкото име Антониј. Со оглед на тогашните околности, не заминува во манастир; упатен е да поминува осум часа дневно во молитва и да продолжи со медицинската работа. Кога побарал послушание, монахот Атанасиј му одговорил да ја слуша мајка му.

Во 1948 година Антониј е ракоположен за свештеник, а следната година доаѓа во Лондон и како свештеник служи во Англиканско /Православното Друштво на Св. Албан и Св. Сергиј. Во 1957 е ракоположен за епископ, а пет години подоцна за архиепископ, одговорен за Руската Православна Црква во Велика Британија и Ирска. 1963 година е поставен за егзарх на Московската Патријаршија за Западна Европа, а по три години го добива чинот митрополит. Во 1974 година на сопствено барање ослободен е од функцијата егзарх, со цел целосно да се посвети на пастирската грижа за паствата во неговата епархија - која постојано расте - и на сите оние што доаѓаат да побараат совет и помош од него.

In Memoriam Aeternum In Memoriam Aeternum

Неговото дејствување во Велика Британија започнува во една сосема малечка парохија, во која пред него служи првиот православен свештеник Англичанец, којшто пред да прими свештенички чин бил англиски тутор на синот на рускиот цар Николај Романов. Почнувајќи со една таква малечка парохија, при крајот на својот живот тој ја наоѓа Црквата во Британија со собор од околу 2000 луѓе во Лондон, во Соборната црква на Успение и на Сите Свети, Енисмор Гарденс, каде што служи, и околу дваесет парохии низ остатокот од земјата. Голем дел од православните во неговата епархија не се со руско потекло, бидејќи до крајот на животот тој успева да задржи подеднаков став кон сечие национално потекло, сметајќи ја кај секој човек само увереноста во спасителноста на животот во Православната Црква. Кон современиците тој „се обраќаше со љубов, милосрдност, длабоко разбирање, стоејќи пред многу тешкотии што порано ги немало, и заедно со нив бараше христијанско решавање на нашите проблеми. Тој не го заменуваше чесното и смирено ‘јас мислам’ со авторитетното и неретко фалшливо ‘Црквата учи’, зашто и навистина во многувековната црковна традиција нема да најдеме одговори на сите современи прашања. „Како личност која го претворила Преданието на Црквата, но и современиот живот, во особено богат, уникален личен опит, Владиката Антониј беше слуга Божји, свештеник Христов, пастир на словесните овци“, вели еден негов пријател и соработник.

Митрополитот Антониј е почесен доктор: на Абердинскиот Универзитет „за проповедање на Словото Божјо и обнова на духовниот живот во оваа земја“; на Московската Богословска Академија, за неговата богословска, пастирска и проповедничка работа; на Универзитетот Кембриџ; и на Киевската Богословска Академија.

**Делата на митрополитот Антониј Блум можат да се најдат на интернет страницата на Сурожската епархија (www.metropolit-anthony.orc.ru/eng/) во електронската библиотека Митрополит Антониј Сурожски, на руски и англиски јазик.**

Автор е на неколку книги бестселери од областа на православниот начин на живот, од кои една ѝ е претставена и на нашата читателска публика - книгата „Жива молитва“ - а токму пред неговото упокојување „Премин“ во продолженија почна да го издава записот од телевизискиот разговор меѓу митрополитот Антониј и атеистичкиот философ Марганита Ласки.

„Мојот прв силен впечаток за смртта беше еден разговор со татко ми, кој ми кажа: ‘Ти треба така да го проживееш животот, за да се научиш својата смрт да ја очекуваш како младоженецот што ја очекува својата невеста: да ја чекаш, да копнееш по неа, однапред да ѝ се радуваш на средбата, и нежно да ја пресретнеш’. Мојот втор впечаток (тоа не се случи веднаш потоа, туку многу подоцна) беше смртта на татко ми. Тој почина изненадејно. Јас отидов кај него, во бедното сопченце на врвот од нашиот француски дом, каде што имаше еден кревет, стол, табуретка и неколку книги. Влегов во неговата соба, ја затворив вратата и застанав. И ме заплисна една таква тишина, една толку длабока тишина, така што, се сеќавам, викнав на глас: ‘И луѓето велат дека смртта постои!.. Каква лага!’ Зашто таа соба беше преполна живот, и тоа таква полнота на живот, каква што надвор од неа, на улица, во двор, јас никогаш не сум среќавал.“

Митрополитот Антониј Блум не го проживеа животот со вера во смртта, туку во вечниот живот.

**пишува: И. К.**